ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
Локална самоуправа

KOMUNA E DOLLNENIT
Vetqeverisja lokale

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Им се соопштува на сите земјоделци и фаремери од територијата на општина Долнени, дека на ден 29.05.2023 година (понеделник) во 11,00 часот, во ИНФО ЦЕНТАРОТ во подрачните кацеларии на општина Долнени во н.м.Ропотово, ќе се изврши презентација и информирање за новата ИПАРД Програма за периодот 2021-2027 година, по однос на идните јавни повици за користење на средства од Инструментот за предпристапна помош за рурален развој на Европската унија.
Целта на ИПАРД Програмата 2021-2027 е преку содветни мерки за поддршка на земјоделството и руралниот развој да се подобри конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехранбениот сектор, преку нивно усогласување со стандардите на Европската унија, како и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување.

Финансиските средства од ИПАРД Програмата 2021-2027 во врска со спроведување на овој Јавен повик од 2023 година се наменети за следните мерки:

➢ Мерка 1 - Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства и

➢ Мерка 7 - Диверзификација на фарми и развој на бизниси.

ИПАРД Програмата 2021-2027 овозможува зголемени можности по однос на типот на инвестиции, поголем обем на потенцијални корисници или генерално се поддржуваат инвестиции во примарното земјоделско производство (вклучително и земјоделска механизација) и инвестиции во насока на диверзификација на земјоделските активности и развој на бизниси во руралните средини.

На презентацијата ќе присуствуваат Градоначалникот на општина Долнени со стручните служби од општината и предстваници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Подрачни канцеларии Прилеп.

Инструмент за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија 2021-2027